РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09 - 3376/2
01-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од непознат подносител, на 42- та седница одржана на ден 27 ноември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-3376/1 од 29.09.2020 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата постапуваше по предмет со исти наводи и за утврдената фактичка состојба има донесено одлука број 09-652/26 од 02.06.2020.

Предметот со број 09-3376/1 од 29.09.2020 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3376/1 од 29.09.2020 година е оформен врз основа на анонимна пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против ----------------------- градоначалник на општина -------------------.

Во пријавата е наведено дека градоначалникот на општината ------------------ вработил блиски лица во неколку институции.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека за истите наводи има постапувано и за утврдената фактичка состојба донесена е одлука со број 09-652/26 од 02.06.2020 која е објавена на веб страната на Државната комисија за спречување на корупција.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk